Остави ги, бидејќи бев со абдест кога ги облеков

Од Мугире, радијаллаху анху, се пренесува: „Бев со Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на патување и се наведнав да му ги соблечам мествите, но тој рече: ‚Остави ги, бидејќи бев со абдест кога ги облеков‘ а потоа помина со прстите (потре) по нив.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, еднаш беше на пат, па почна да зема абдест. Кога требаше да си ги измие нозете, Мугира бин Шуба, радијаллаху анху, ги испружил рацете кон Пратеникот, алејхи селам, за да ги соблече обувките на нозете на Пратеникот, па тој да може да ги измие нозете. Но Аллаховиот пратеник, алејхи селам, му рече: Остави ги и немој да ги собуваш, бидејќи јас ги облеков обувките (мествите) додека бев чист со абдест. Потоа Аллаховиот пратеник, алејхи селам, поминал со мокри прсти преку горниот дел на обувките, наместо да ги измие нозете.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3014